20252314437

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 427 став (1) и член 438 алинеја 9 од Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/2024) и врз основа на член 116 став (13) од Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27.10.2025 година го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ВОДЕЊЕ ОФИЦИЈАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕГУЛИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

### I – Општи одредби

Член 1

Со Правилникот за формата и содржината на Барањето за издавање одобрение за водење официјален регистар на регулирани информации (во понатамошниот текст: Правилник) се пропишува:

- Формата и содржината на Барањето за издавање одобрение за водење официјален регистар на регулирани информации;
- Формата и содржината на Барањето за издавање одобрение за промена на условите за водење на официјалниот регистар на регулирани информации;
- Формата и содржината на Барањето за издавање одобрение за Тарифникот за висината на надоместоците за водење официјален регистар на регулирани информации, односно измена и дополнување на Тарифникот и
- Потребната документација за исполнување на критериумите за водење официјален регистар на регулирани информации.

### Поими

Член 2

Поимите што се употребуваат во овој Правилник го имаат следново значење:

Управител на регистар – субјектот што добил одобрение од Комисијата за водење официјален регистар на регулирани информации.

Регистар односно официјален регистар на регулирани информации – информатички систем за прибирање, чување, обработување, објавување и достапност на регулираните информации.

### II – Форма и содржина на Барањето за издавање одобрение за водење официјален регистар на регулирани информации

### Барање за издавање одобрение за водење официјален регистар на регулирани информации

Член 3

(1) Барањето за издавање одобрение за водење официјален регистар на регулирани информации го поднесува пазарен оператор или друго правно лице во согласност со член 116 од Законот за проспекти и обврски за транспарентност за издавачите на хартии од вредност (во понатамошниот текст: Закон за проспекти и транспарентност) до Комисијата за надзор на пазарот на капитал (во понатамошниот текст: Комисија).

(2) Во барањето, подносителот е должен да наведе за кој вид одобрение од член 116 од Законот за проспекти и транспарентност се однесува барањето:

1) одобрение за водење официјален регистар на регулирани информации,

2) одобрение за промена на условите за водење на официјалниот регистар на регулирани информации и/или

3) одобрение за Тарифникот со кој се утврдува висината на надоместоците за прибирање информации во регистарот и нивна дистрибуција до крајните корисници или измени и дополнувања на Тарифникот.

**Форма и содржина на барањето**

Член 4

(1) Барањето ги содржи податоците пропишани со образецот „Барање – официјален регистар на регулирани информации“ од Прилог 1 на овој Правилник.

(2) Образецот треба да е испишан електронски, уредно, читливо, без корекции, да е потпишан и потврден со печат на субјектот. Доколку образецот се поднесува во електронска форма, треба да е потпишан со квалификуван дигитален сертификат и не е потребно да содржи печат на издавачот.

(3) Во прилог кон образецот, до Комисијата подносителот на барањето задолжително ја доставува и документацијата пропишана со член 5 од овој Правилник.

## III – Потребна документација за исполнување на критериумите за водење официјален регистар на регулирани информации

Член 5

(1) Кон барањето од член 3 став (2) точка 1) од овој Правилник, за издавање одобрение за водењето на официјалниот регистар на регулирани информации во Република Северна Македонија се приложува документација со која се докажува дека подносителот ги задоволува техничките, безбедносните, организациските и други критериуми во однос на кадарот и на опремата за водење на официјалниот регистар, како и критериумите за обезбедување непречен пристап до регулираните информации.

(2) Како доказ за исполнување на критериумите од став (1) на овој член, кон барањето се приложува најмалку следната документација:

1) Извод од регистрацијата на правното лице што ја одразува последната фактичка состојба (потврда за правното лице – тековна состојба од Централен регистар);

2) Преглед на акционерите во субјектот што го води регистарот, кој ги содржи следниве податоци за секое лице: име и презиме, ЕМБГ и адреса, за физичките лица односно назив на правното лице, ЕМБС, ЛЕИ број и седиште за правното лица, како и процент (%) на акции што го поседува секој од акционерите во основната главнина на субјектот што го води регистарот;

3) Деловен план за првите три деловни години;

4) Упатство за водење на регистарот на регулирани информации;

5) Опис на софтверот во кој ќе се води регистарот на регулирани информации и начинот на обезбедување бекап (back-up) на извештаите, на податоците и на информациите што се поднесуваат во регистарот, како и начинот на заштита од можни упади во системот;

6) Висина на надоместокот за доставување на регулираните информации до крајните корисници, опис на начинот за утврдување на висината на надоместоците и образложение за избраниот критериум за утврдување на висината на надоместокот;

7) Изјава на членовите на органот на управување на подносителот на барањето за усогласеност со барањата од Дел IV на овој Правилник (Критериуми за водење официјален регистар на регулирани информации) и опис за тоа како ќе се исполнат барањата за водење на регистарот пропишани со Законот за финансиски инструменти (во понатамошниот текст: ЗФИ), Закон за проспекти и транспарентност, со овој Правилник и други прописи што го регулираат официјалниот регистар на регулирани информации, форматот на регулираните информации и пристапот до регулираните информации и

8) доказ за платен надоместок во согласност со Тарифникот на Комисијата од член 416 од ЗФИ.

(3) Комисијата може да бара и друга документација во процесот, врз чија основа може да се утврди дали се исполнети техничките, безбедносните, организациските и други критериуми за водење на регистарот.

(4) Одредбите од ставовите (1), (2) и (3) на овој член соодветно се применуваат и на барањето за промена на условите за водење на официјалниот регистар на регулирани информации од член 3 став (3) точка 2) од овој Правилник.

## IV – Критериуми за водење официјален регистар на регулирани информации

### Квалитет на услугата за водење официјален регистар на регулирани информации

Член 6

(1) Управителот на регистарот е должен да обезбеди непречен пристап до регистарот за доставување и пребарување на регулираните информации, електронски.

(2) Управителот на регистарот е должен да воспостави и да одржува регистар што е во состојба да прима и да чува документи во дигитален (електронски) формат.

### Доставување податоци

Член 7

(1) Управителот на регистарот е должен да ги прима регулираните информации во регистарот, во машински читлив формат во согласност со ставовите (2) и (3) на овој член.

(2) Машински читлив формат значи формат на датотека структуриран така што софтверските апликации можат лесно да идентификуваат, да препознаваат и да извлекуваат специфични податоци, вклучувајќи поединечни изјави за факти и нивната внатрешна структура.

(3) Финансиските извештаи се доставуваат во регистарот во XML-формат, а другите извештаи се доставуваат во регистарот во PDF-формат.

(4) Управителот на регистарот е должен да овозможи доставување на податоците до регистарот на начини што се јавно достапни.

### Достапност

Член 8

(1) Управителот на регистарот е должен во континуитет непречено да овозможува доставување на регулирани информации до регистарот.

(2) Исклучок од обврската од став 1 на овој член е времето потребно за одржување и надградба на техничкиот дел од регистарот.

(3) Во случај на неможност за доставување на регулираните информации поради недостапност на техничкиот дел од регистарот, управителот на регистарот е должен да овозможи друг начин за времено доставување на регулираните информации.

(4) Доколку поради настанувањето на околностите од ставот (3) на овој член, издавачот на алтернативен начин ги доставил регулираните информации до управителот на регистарот, издавачот е должен да ги достави регулираните информации на вообичаен начин веднаш штом престанат околностите од ставот (3) на овој член.

**Брзина**

Член 9

Управителот на регистарот е должен на корисниците да им овозможи пристап до регулираните информации во најкус можен рок од моментот на нивното добивање.

**Пристап**

Член 10

(1) Управителот на регистарот е должен да обезбеди регулираните информации во регистарот да им бидат постојано (во секое време) достапни на корисниците без надоместок.

(2) Исклучок од обврската од став 1 на овој член е времето потребно за одржување и надградба на техничкиот дел од регистарот.

**Означување информации**

Член 11

Управителот на регистарот е должен да обезбеди регулираните информации да бидат соодветно означени за да се разликуваат од другите информации што ги нуди регистарот.

**Капацитети**

Член 12

Управителот на регистарот е должен да обезбеди систем што ќе има доволен капацитет за очекуваниот обем на извештаи, податоци и информации во регистарот.

**Корисничка поддршка**

Член 13

Управителот на регистарот е должен да обезбеди корисничка поддршка најмалку во текот на неговото работно време.

**Чување податоци**

Член 14

Регулираните информации мора да се чуваат во регистарот во период од најмалку 10 (десет) години на начин што ќе им овозможи на корисниците да ја прегледуваат, да ја преземаат и да ја печатат нивната целосна содржина.

**Референтни податоци**

Член 15

(1) Управителот на регистарот е должен да ги организира и да ги категоризира извештаите, податоците и информациите во регистарот и да овозможи функција на пребарување според следните референтни податоци што мора да се евидентираат за секој извештај, податок или информација:

1. Назив на издавачот на кој се однесуваат регулираните информации;
2. Единствен матичен број на издавачот;
3. Вид извештај, податок или информација односно ознака што го идентификува извештајот, податокот односно информацијата и дали објавата е регулирана или доброволна;
4. Датум и време на доставување на извештајот, податокот односно информацијата до регистарот;
5. Датум или период за кој се однесува извештајот, податокот или информацијата;
6. Големина на издавачот во согласност со класификацијата на трговците;
7. Сектор на кој му припаѓа издавачот според Националната класификација на дејности од Државниот завод за статистика;
8. Главна дејност на издавачот според Националната класификација на дејности од Државниот завод за статистика;
9. Матична земја.

**Надградба**

Член 16

(1) Управителот на регистарот е должен да го воспостави регистарот како систем што може да се адаптира, да се ажурира и да се надоградува на начин што ќе овозможи поврзување со други соодветни регистри во Република Северна Македонија и во земјите членки на Европската Унија.

(2) За секоја форма на поврзување, потребна е согласност од Комисијата.

**Барања за безбедност**

Член 17

(1) Управителот на регистарот е должен да обезбеди целосно објавување на содржината на регулираните информации што издавачот ги доставил во регистарот.

(2) Управителот на регистарот е должен да обезбеди доставените извештаи, податоци и информации во регистарот да не можат да се менуваат или да се отстранат/избришат.

**Проверка на доставените податоци**

Член 18

(1) Управителот на регистарот е должен да овозможи автоматска проверка на формалната исправност на доставувањето на регулираните информации доставени до регистарот и во случај на нивна неисправност, да не ги преземе и автоматски да испрати известување за одбивање на прием со причината за одбивањето односно за неприфаќањето на доставените податоци и информации во регистарот.

(2) Исправките и/или дополнување на регулираните информации се доставуваат во регистарот на ист начин како и регулираните информации, мора да бидат посебно означени и да содржат ознака на регулираната информација на која се однесуваат.

**Инциденти**

Член 19

Управителот на регистарот е должен да пропише мерки и постапки за воспоставување на функционирање на официјалниот регистар на регулирани информации во најкус можен рок во случај на инцидент што би довел до неисполнување на обврските пропишани со ЗФИ, Законот за проспект и транспарентност и со овој Правилник.

**Идентификација на испраќачот**

Член 20

(1) Управителот на регистарот може да ги добива/прима регулираните информации исклучиво од лица што се овластени од издавачот, кои се пријавени и запишани во регистарот за овластени лица за доставување податоци во регистарот.

(2) Начинот на доставување на регулираните информации во регистарот мора да овозможи недвосмислена идентификација на лицето овластено за доставување податоци во регистарот, на начин што истото не може да ја оспори доставата на регулираните информации во регистарот.

**Потврда за прием**

Член 21

При приемот на регулираните информации во регистарот (извештај, податок или информација), системот мора да генерира временска ознака на времето и датумот на приемот на истата во регистарот.

**Други критериуми**

Член 22

(1) Управителот на регистарот е должен да ѝ обезбеди на Комисијата непосреден пристап и увид во целосните податоци (целосната база на податоци) во регистарот без надоместок.

(2) Управителот на регистарот е должен да обезбеди доставување и на други информации до регистарот, доколку е применливо.

**Престанок на водење официјален регистар на регулирани информации**

Член 23

(1) Кога управителот на регистарот ќе престане да ги врши работите на водење на регистарот за кои има одобрение од Комисијата, должен е за тоа без одлагање да ја извести Комисијата и субјектите што објавуваат извештаи, податоци и информации во регистарот.

(2) Управителот на регистарот од ставот (1) на овој член е должен на издавачите да им остави на располагање доволно време за воспоставување на доставувањето на регулираните информации во друг регистар на регулирани информации, рок што не може да биде пократок од шест месеци од денот на известувањето од ставот (1) на овој член.

(3) Во рокот од ставот (2) на овој член, управителот на регистарот е должен на барање на издавачот да ги достави сите регулирани информации за тој издавач до друг управител на регистар со кој издавачот ја утврдил испораката на регулираните информации.

(4) Во случај на неможност да се исполнат условите од став (3) на овој член поради отсуство на друг регистар на регулирани информации, управителот на регистарот од став 1 на овој член не може да престане да го води регистарот под услови и на начин пропишани со Законот и со овој Правилник сѐ додека Комисијата не одобри управување со регистарот на друго правно лице, со услов дека времето до одобрување на управувањето со регистарот на друг правен субјект не може да биде подолго од една година од денот на известувањето од став (1) на овој член.

(5) Доколку Комисијата не го одобри управувањето со регистарот на регулирани информации на друго правно лице во рокот од ставот (4) на овој член, управителот на регистарот на регулирани информации е должен да ѝ го предаде својот регистар на регулирани информации на Комисијата на управување во целост, вклучително и сите податоци зачувани и обработени во регистарот на регулирани информации како и целата придружна документација.

## V – Други одредби

### Начин на доставување документација кон барањето

Член 24

(1) Барањето и документацијата што ја изготвува подносителот на барањето може до Комисијата да се поднесе писмено или во електронска форма потпишано со квалификуван дигитален сертификат.

(2) Документацијата што се поднесува до Комисијата кон барањето за издавање одобрение за водење официјален регистар на регулирани информации, не треба да биде постара од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето до Комисијата.

(3) Документацијата треба да биде доставена во оригинал или со нотарски заверен препис на оригиналот.

(4) Документацијата издадена од странска држава задолжително се доставува со апостил и со нотарски заверен превод на македонски јазик од страна на овластен судски преведувач.

(5) Доколку законодавството на странската држава поинаку ја регулира материјата, подносителот е должен да се повика на правно мислење од адвокат, со цел да се потврди разликата во регулативата. Во овој случај адвокатот задолжително дава изјава дека е овластен во согласност со законодавството во странската држава за потврдување на тие факти и дека истото е одговорно за вистинитоста на дадените податоци.

(6) Потписите на изјавите што се доставуваат во рамките на овој Правилник треба да бидат заверени на нотар.

### Постапување по барањето

Член 25

(1) При одлучување по поднесеното барање за издавање одобрение за водење официјален регистар на регулирани информации, Комисијата може да побара прецизирање на веќе доставената документација, доставување дополнителна документација, а може да ја користи и документацијата со која располага Комисијата.

(2) Во случај на поднесување непотполно, неуредно или барање со формално правни недостатоци, Комисијата ќе му одреди на подносителот рок во кој е потребно да ја дополни документацијата, при што ќе го предупреди за последиците од непостапувањето. Доколку подносителот не ја дополни документацијата и не ги отстрани недостатоците на барањето во определениот рок, ќе се смета дека подносителот се откажал од барањето, а Комисијата ќе донесе решение со кое се запира постапката поведена по барањето.

**Преодни и завршни одредби**

Член 26

(1) Прилозите од овој Правилник, Комисијата ги објавува на својата веб-страница.

(2) Овој Правилник влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува со денот на почетокот на примена на Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија" број 66/2024).

Број 01-518/4
27 октомври 2025 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Бујаре Абази,** с.р.